**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/ 1.2.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Број на деца Роми вклучени во предучилишно образование во новата учебна 2019 од септември месец, по општини и пол? Колку од нив се ослободени од плаќање на партиципација ?

| Општини | Деца Роми во градинка | |
|---|---|---|
| | М | Ж |
| | | |

2. Дали МТСП од месец јули до ноември има имплементирано активности поврзани со националниот акционен план за зајакнување на положбата на жената Ромка во општеството. Доколку да, Ве молиме опишете ги спроведените активности? Воедно, кои се планираните активности за унапредување на положбата на жената Ромка до крајот на 2019 година?

3. Кои активности се планирани да се спроведат во рамките на Одделението за имплементација на Декадата и Националната Стратегија за Роми во текот на 2020 година?

4. Број на ученици Роми корисници на условни парични трансфери во основно и средно образование за новата учебна 2019 година, заклучно со ноември 2019 година.

5. Ве молиме доставете ни информација за превземање на активности за деца Роми во специјални училишта во текот на јули – ноември 2019 година?

6. Дали во текот на јули 2019 година до ноември 2019 година се спроведени обуки за борба против дискриминацијата за давателите на социо-економски услуги? Ве молиме наведете го бројот на присутни даватели на услуги? (според 2.4.4. на НАП вработување)

7. Дали во текот на јули 2019 – ноември 2019 се спроведени кампањи за надминување на предизвиците, стереотипите и дискриминацијата со која се соочуваат Ромите на пазарот на трудо? Ве молиме наведете го бројот на спроведени кампањи? (според 2.4.5. на НАП вработување)